## СТУДИСКА ПОСЕТА ВО ХРВАТСКА 6-9. VI 2010

*Розалија ДАВКОВСКА*

Филозофски факултет
Институт за дефектологија

Примено: 16.06.2010
Прифатено: 01.07.2010
UDK: 376.018.046 (497.5)

На покана на здружението „Трисомија 21“ од Загреб, група од 17 последипломци од Институтот за дефектологија, предводени од раководителот на ННК проф. д-р Владимир Трајковски, остварија студиска посета на неколку установи во Република Хрватска во периодот од 6–9. VI 2010 година.

### 07.06.2010

На 7. VI 2010 г. се оствари посета на едукациско-рехабилитацискиот факултет во Загреб. На оваа посета од страна на деканката проф. д-р Драженка Блажи беше даден краток опис за историјатот и работата на факултетот. Факултетот има 7 отсеци распоредени во трите профили: Логопедија, Социјална педагогија и Едукациска рехабилитација. Се студира според Болоњскиот модел 3+2+3, од 2005 година па наваму.

Студиите се поделени на:

1. Преддипломски студии
2. Дипломски студии
3. Последипломски студии
4. Докторски студии

Во склоп на едукациско-рехабилитацискиот факултет се наоѓа Центарот за рехабилитација. Функцијата на центарот за рехабилитација при ЕРФ е насочена кон советување, дијагностика, превенција, терапија, едукација, супервизија. Центарот за рехабилитација делува во следниве подрачја: родителска загриженост за детското однесување, развој

Адреса за кореспонденција:
Розалија ДАВКОВСКА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
„Крсте Мисирков“ бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
e-mail: rozaly23_d@yahoo.com

## A STUDY VISIT TO CROATIA 06.06.2009 – 09.06.2010

*Rozalija DAVKOVSKA*

Institute of Special Education and Rehabilitation
Faculty of Philosophy

Recived: 16.06.2010
Accepted: 01.07.2010

By an invitation of the association “Trisomiy 21”- Zagreb, a group of 17 postgraduate students from the Institute for Special Education, led by the head of the educational Scientific Council Prof. Dr. Vladimir Trajkovski, made a study visit to several institutions in the Republic of Croatia within the period between 06.06.2010 to 09.06.2010.

### 07.06.2010

On this date a visit to the Faculty of Education-Rehabilitation in Zagreb was attained. During this visit, Prof. Dr. Drazhenka Blazhi gave a brief description of the history and work of the faculty. The faculty has seven sections arranged in three profiles: Speech therapy, Social pedagogy and Educational rehabilitation. The studies are fulfilled in accordance with the Bologna process 3 +2 +3 pattern since 2005.

Studies are divided into:

1. Undergraduate studies,
2. Graduate studies,
3. Postgraduate studies,
4. Doctoral studies

The Center for rehabilitation is located within the Faculty of Education-Rehabilitation. The work of the Center for Rehabilitation of ERF is steered towards counseling, setting up diagnoses, prevention, therapeutic healing, education and supervision. The centre for rehabilitation works within the following areas of interest: parental concern about children's

Corresponding Address:
Rozalija DAVKOVSKA
University "Ss Cyril and Methodius"
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
"Krste Misirkov" bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
e-mail: rozaly23_d@yahoo.com

или учење, невроразвојните ризици, оштетен вид и слух, интелектуални нарушувања, спектар на нарушување, моторни нарушувања и хронични болести, нарушувања во однесувањето, тешкотии во јазикот, говорот и гласот, тешкотии во читање и пишување, АДХД нарушувања, емоционални и комуникациски тешкотии.

По посетата на овие установи следува прием во Владата на Република Хрватска од страна на потпретседателот на Владата на Република Хрватска проф. д-р Слободан Узелац каде се дискутираше за проблемот на инклузија и деинституционализација на лицата со посебни потреби во Хрватска и Македонија. На оваа неформална средба збор зема деканот на Филозофскиот факултет од Скопје, проф. д-р Горан Ајдински и продеканот за меѓународна соработка од Филозофскиот факултет од Скопје, проф. д-р Лена Дамовска. На кратко се направи една компаративна анализа за состојбата на лицата со посебни потреби од Хрватска и Македонија.

**08.06.2010**

Следниот ден, 8. VI 2010 г., се остварени посети во Задар и тоа во посебното основно училиште „Воштарница“ и Универзитетот во Задар. Во посебното основно училиште „Воштарница“ работи стручен тим составен од 17 дефектолози, 4 наставници за предметна настава, 4 стручни соработници, 1 кинезотерапевт, 7 останати соработници. Вкупниот број на ученици е 63 кои се распоредени според тежината на нарушувањето. Во училиштето се образуваат деца со лесна, умерена и тешка ментална ретардација, деца со аутистичен спектар на нарушување. На Универзитетот во Задар беше остварена куса посета на Еразмус координаторот на Филозофски факултет, проф. д-р Владимир Трајковски, со Еразмус координаторот на Универзитетот во Задар, проф. д-р Маја Колега и проректорот за меѓународна соработка проф. д-р Сречко Јелушиќ. Договорена е идна соработка и размена на студенти и професорски кадар во областите кои се поклопуваат. Од проректорот беше најавен заеднички докторски студиум по библиотекарство, а поддржан од Европската комисија преку проект.

behavior, development or learning, neurodevelopment risks, impaired vision and hearing, mental disability, autistic spectrum disorder, motor disorders and chronic diseases, behavioral disorders, difficulties with language, speech and voice, difficulties in reading and writing, ADHD disorders, emotional and communication difficulties.

The visit of these institutions was followed with reception by the Deputy Prime Minister of the Republic of Croatia Prof. Dr. Slobodan Uzelac at the building of the Government of the Republic of Croatia. During the second visit, a discussion was made about the problem of inclusion and deinstitutionalization of people with disabilities in Croatia and Macedonia. The Dean of the Faculty of Philosophy in Skopje, Prof. Dr. Goran Ajdinski and Associate Dean for International Cooperation of the Faculty of Philosophy in Skopje, Prof. Dr. Lena Damovska, visited the informal meeting. A briefly comparative analysis was made concerning the situation of people with special needs in Croatia and Macedonia.

**08.06.2010**

The following day visits were made in Zadar, in the special primary school "Voshtarnica" and The University of Zadar. A team of 17 special teachers works in the special primary school "Voshtarnica". Four of the teachers are teaching subjects, four are assistants, one works with Chinese therapy and the remaining seven are associates. The 63 students that are visiting this institution are allocated in groups depending of the severity of their disorder. The school educates children with mild, moderate and severe mental retardation, as well as children with autistic spectrum disorder. Prof. Dr. Vladimir Trajkovski, the Erasmus coordinator of the Faculty of Philosophy maintained a brief visit with the Erasmus coordinator at the University of Zadar Prof. Dr. Maya Kolega and the pro-rector for international cooperation Prof. Dr. Srechko Jelushikj in the University of Zadar. They have reached an agreement for future cooperation and exchange of students and professional staff within the areas of common interest for both universities. The pro-rector announced joint doctoral studies in librarian, a project supported by the European Commission.

**09.06.2010**

На 9. VI 2010 г., студиската посета повторно продолжи во Загреб. Во овој ден посетени се две институции и тоа: Центар за аутизам – Загреб и Центар за рехабилитација - Загреб, подрачна единица „Слобоштина“ .

Центарот за аутизам во Загреб е основан во 1983 година како државна институција, а од 2002 година основач е градот Загреб. Подрачни единици на центарот за аутизам се наоѓаат во Сплит и Риека. Центарот за аутизам е специјализирана установа која пружа програма за нега, развој, образование, рехабилитација на деца и возрасни со аутизам и други тешки развојни нарушувања.

Програмата за центарот за аутизам е поделена на: програма за сместување, училишна програма, програма за возрасни, предучилишна програма.

Од вкупниот број на корисници во центарот за аутизам, 85% се сместени, а 15% доаѓаат секој ден. Бројот на корисниците во центарот заедно со подрачните единици од Сплит и Риека изнесува 360.

Центарот за рехабилитација – Загреб, подрачна единица „Слобоштина“ е установа која е под ингеренции на Министерстото за труд и социјална работа, основана во 1947 година. Функцијата на центарот е насочена кон сестрана рехабилитација на деца, младинци и возрасни лица со умерена, тешка и длабока ментална ретардација.

Подрачната единица „Слобоштина“ е сместена во јужниот дел на Загреб. Отворена е во 1984 година. Наменски градениот простор вклучува работа со деца со умерена и тешка ментална ретардација (од рана до 11 год. возраст). Програмата за работа се однесува на програма за:

- предучилишен развој (до 7 год);
- училишен развој (до 11 год);
- програма за нега и здравствена заштита.

**09.06.2010**

During this day of the study trip to Zagreb were visited two institutions; the Center for Autism-Zagreb and the Rehabilitation Center - Zagreb, Regional Office "Sloboshtina".

The Center for Autism of Zagreb was founded in 1983 as a state institution and the city of Zagreb is its founder since 2002. The Regional offices of the Center for Autism are located in Split and Rijeka. The Center for Autism is a specialized facility that provides care programs, programs in development, education, rehabilitation of children and adults with autism and other severe developmental disorders. The program of the Center for Autism is divided into accommodation, schools, programs for adults and preschool program. Of the total number of users in center for autism, 85% are accommodated within the facilities of the Center and 15% come in every day. There are 360 users of the Center including the regional offices in Split and Rijeka.

The Centre for Rehabilitation - Zagreb, Regional Office "Sloboshtina" is a facility managed under the authority of the Ministry of Labour and Social Affairs, founded in 1947. The function of the center is to offer comprehensive rehabilitation of children, adolescents and adults with moderate, severe and profound mental retardation. "Sloboshtina" Regional Office is located in the southern part of Zagreb. Opened in 1984, it is arranged in a functional space that offers interaction with children with moderate and severe mental retardation (from their early age until the age of 11). The program structure complies with the needs of programs in:

- preschool development (up to 7 years),
- for school development (up to 11 years),
- medical and health program protection.